МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп

# ПОЛИТИКА ЗА УПОТРЕБА НА КОЛАЧИЊА НА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦАТА НА МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ – ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП

| | |
|---|---|
| **Назив на документот:** | Политика за употреба на колачиња на интернет страницата на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп |
| **Верзија:** | 1.0 |
| **Датум:** | 29.08.2025 |
| **Сопственик:** | Офицер за заштита на личните податоци |
| **Назив на фајлот:** | Politika za kolacinja.pdf |
| **Стапува на сила:** | 29.08.2025 |
| **Делокруг:** | МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп |
| **Се дистрибуира до:** | Посетители на интернет страна |
| **Објавена на:** | Интернет страна |

## ИСТОРИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

### Верзии:

| Верзија | Сопственик | Донесување на акт/ измена и дополнување | Датум |
|---|---|---|---|
| 0.1 | Офицер за заштита на лични податоци | Политика за употреба на колачиња на интернет страницата на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп | 28.08.2025 година |

### Одобрување:

| Верзија | Датум | Важи од | Одобрено од |
|---|---|---|---|
| 1.0 | 29.08.2025 година | 29.08.2025 година | Управниот одбор на Друштвото |

**Содржина**


| | |
|---|---|
| **1.** | **ВОВЕД** |
| | 1.1. Делокруг |
| | 1.2. Содржина и цел |
| | 1.3. Одобрување и примена |
| | 1.4. Преглед и ажурирање |
| **2.** | **ПРИВАТНОСТ** |
| **3.** | **УПОТРЕБА И УПРАВУВАЊЕ СО КОЛАЧИЊА** |
| 3.1. | Неопходни колачиња |
| 3.2. | Аналитички колачиња |
| 3.3. | Маркетинг колачиња |
| 3.4. | Како да управувате со колачиња |
| **4.** | **КОНТАКТ** |

## 1. ВОВЕД

### 1.1 Делокруг

Оваа Политика е во согласност со одредбите од позитивните прописи како и интерните акти кои се однесуваат на заштита на личните податоци кои ги обработува Контролорот во рамките на секојдневното работење со цел транспарентно известување на корисниците и соработниците кога станува збор за користење на интернет страницата на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп (во претходен и понатамошен текст: Контролор).

### 1.2 Содржина и цел

Оваа Политика има за цел да ги информира корисниците на интернет страница на Контролорот за употребата на колачиња на предметната интернет страна.

### 1.3. Одобрување и примена

Оваа Политика се одобрува од Управниот одбор на Друштвото кога и стапува на сила и во примена. Политиката ќе биде објавена на интернет страницата на Друштвото.

### 1.4. Преглед и ажурирање

Оваа Политика ќе се ревидира согласно законските измени, измените на актите на ВИГ Групацијата односно доколку тоа го бараат одредени организациски измени кои влијаат на истата. Офицерот за заштита на личните податоци е одговорен да обезбеди оваа Политика секогаш да биде навремено ажурирана.

## 2. ПРИВАТНОСТ

Ви благодариме што покажавте интерес за интернет страницата на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп. .

МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп како Контролор на лични податоци посветува големо внимание за правото на приватност и заштитата на личните податоци, заради што целосно ја заслужуваме Вашата доверба.

Заштитата на личните податоците е наш приоритет, па затоа Ве молиме внимателно да ја прочитате оваа Политика.

## 3. УПОТРЕБА И УПРАВУВАЊЕ СО КОЛАЧИЊА

Оваа интернет страница користи колачиња со цел да обезбеди подобро корисничко искуство и да собере анонимни статистички податоци за посетеноста.

Колачињата се мали текстуални датотеки кои се зачувуваат на вашиот уред (компјутер, телефон, таблет) кога ја посетувате интернет страницата на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп. Тие ни овозможуваат да ја подобриме функционалноста и содржината, како и да анализираме како посетителите ја користат страницата. Официјалната интернет страница на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп користи неопходни и аналитички колачиња.

### 3.1. Неопходни колачиња

Овие колачиња се потребни за правилно функционирање на интернет страницата, како што е зачувување на вашите преференции за колачиња или јазик. Без нив, интернет страницата можеби нема да функционира правилно.

### 3.2. Аналитички колачиња

Овие колачиња ни помагаат да разбереме како корисниците ја користат страницата, така што собираме анонимни податоци преку Google Analytics. На овој начин можеме да ја подобриме структурата и содржината на интернет страницата.

| Име на колаче | Провајдер | Времетраење | Намена |
|---|---|---|---|
| _gat | Google Analytics | 1 ден | Ограничување на бројот на барања (request rate). |
| _gid | Google Analytics | 1 ден | Разликување на корисници, собирање статистика за посети. |
| _ga | Google Analytics | 2 години | Генерира уникатен ID за следење на корисници при повеќекратни посети. |

### 3.3. Маркетинг колачиња

Во моментов, нашата интернет страница не користи маркетинг колачиња (на пр. за рекламирање или remarketing).

### 3.4. Како да управувате со колачињата?

Можете да ја прифатите или одбиете употребата на колачиња преку банерот што се појавува при првата посета. Исто така, можете да ги избришете или блокирате колачињата во секое време преку подесувањата на вашиот интернет-прелистувач.

## 4. КОНТАКТ

Секој посетител или корисник на оваа интернет страница, може директно да контактира со нашиот Офицер за заштита на личните податоци за какви било прашања и предлози во врска со оваа Политика, односно во врска со обработка на лични податоци. Контакт податоците на Офицерот за заштита на личните податоци се следните:

**Мр. Ивица Медарски CIPP/E, CIPM**
**Контакт телефон: +389 76 427 406**
**Електронска адреса:** ivica.medarski@insumak.mk

**Акционерско друштво за осигурување и реосигурување**
**МАКЕДОНИЈА Скопје – Виена Иншуренс Груп**

**Претседател на Управен одбор**
**Бошко Андов**